РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ВО СКОПЈЕ

Број 1150

Скопје, 14 јули 2017 година

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): дефендологија-50501, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност, мирот и евроатлантските интеграции-51511(друго) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зорица Салтировска)**............327-342
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Аситија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Антонио Јакимовски)**...........343-355
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Републиката Македонија од м-р Маја Манчевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.............356-362
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Оливера Никодиновска, Нита Старова Спироска, ма Јакимовска, Сања Несторовска, Андреа Велинова, Бљерта Јакупи)**.............363

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научните области: народна книжевност и теорија и историја на цивилизацијата, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје **(д-р Нина Анастасова Шкрињарић)**.............364-390
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Топонимијата во Радовишко** од **м-р Зоран Спасовски**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.............391-398
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје **(м-р Бојан Петревски)**.............399
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје **(Мирјана Липковска, Маја Трајановска)**.............400

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Данче Бошковски, Бошко Стојановски, Милена Петрушева, Јасемин Фејзула Имери, Јасна Сивевска, Кирил Самојловски, Александра Мизговска, Емилија Ѓорѓиовска, Васил Насковски, Мато Гласновиќ, Даниела Трајчевска, Ивана Вељаноска, Гордана Иловска, Мартин Арсовски, Маја Смилевска Кокаловиќ, Славица Јовановска Краљевска, Светлана Чивчиристова, Габриела Николовска, Јоана Станич, Елена Ивановска)**.............401-405

## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје (Ивана Блажевска-Ристовска, Бисерка Велковска-Блажева, Благица Ангеловска, Даница Гавриловска).............406-407

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНОНАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА, ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА, АРХЕОЛОГИЈА НА БЛИСКИОТ ИСТОК: ЕГИПЕТ, МЕСОПОТАМИЈА, ВАВИЛОН, АСИТИЈА, НУМИЗМАТИКА: ГРЧКА И РИМСКА, НУМИЗМАТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 5. 5.2017 година, за избор на наставник во сите звања од научните области: класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXVI редовна седница одржана на 1.6.2017 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марјан Јованов, проф. д-р Драги Митревски и проф. д-р Ратко Дуев.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Антонио Јакимовски, доцент на Институтот за историја на уметност и археологија. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Антонио Јакимовски е роден на 12.8.1976 г. во Скопје. Додипломските студии ги завршил на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2000 г. Во 2005 год. магистрира на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје со магистерскиот труд под наслов: *Антички светилки од збирката на Музеј на Македонија*. Во 2008 г. ја одбранил докторската дисертација на тема: *Антички светилки од Република Македонија* на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Od 2003 do 2007 godina rabotel vo Muzej na Makedonija pod dogovor za izvr{uvawe stru~ni raboti. Vo u~ebnite 2006/2007 do 2010/2011 godina e anga`iran a Filozofskiot F

фakultet -Skopje, на Iinstitutot za istorija na umetnost i arheologija kako stru~wak od praktikata po predmetite:Voved vo arheologija 1 i 2, Rimska arheologija 1 (op{ta), Rimska arheologija 2 (Makedonija), Ranoanti~ka numizmatika i Numizmatika na Rim i rana Vizantija.

Od u~ebnata 2010/2011 e vraboten kako asistent na Filozofskiot фakultet vo Skopje, za nau~nata oblast: кlasi~na arheologija: gr~ka i rimska kultura.

Vo 2009 година се здоbil со zvaweто docent/nau~en sorabotnik na Institutoт za nacionalna istorija, а во 2012 godina го dobil zvaweто доcent na Filozofskiot фakultet vo Skopje, za nau~nata oblast: кlasi~na arheologija: gr~ka i rimska kultura.

За време на целиот свој работен ангажман, Антонио Јакимовски има учествувано на голем број научни собири, конференции и конгреси со свои излагања: од 2004 год. до сега на сите редовни симпозиуми на Македонското археолошко научно друштво (осум на број), како и на неколку меѓународни симпозиуми, во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Германија.

Антонио Јакимовски од магистрирањето до денес е учесник и раководител на голем број научноистражувачки проекти, од кои ги издвојуваме: Римски театар Скупи, Сато Бронче, Кралство Македонија, Прилепец – Прилеп, Археолошки катастар, Кале Локвени и др.

Од 2000 год. е член на Македонското археолошко научно друштво, во два мандата е член на претседателството.

Д-р Антонио Јакимовски учествува и во голем број комисии за валоризација на културното наследство, избори во музејски звања, рецензии за научноистражувачки проекти, стручни публикации и сл.

Од 2013 год. е раководител на втор циклус студии на Институтот за историја на уметноста и археологија.

## Наставно-образовна дејност

Д-р Антонио Јакимовски од 2011 г. работи при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Од 2012, тој е доцент за научните области: класична археологија, грчка и римска култура.

Во текот на својот ангажман како доцент, кандидатот Антонио Јакимовски има успешно изведувано предавања и вежби по предметите: Вовед во археологија 1 и 2, Археологија на Блискиот Исток 1 и 2, Римска археологија 1 и 2, Општа нумизматика, Раноантичка нумизматика, Картографија и топографија, Доцноантички утврдувања, Оружје и вооружување.

За наставата од втор циклус студии, доц. д-р Антонио Јакимовски ја подготвил предметната програма на насоката античка археологија, а е и носител на предметите: Архитектонска камена пластика во Македонија во раната антика, Раноантичка керамика во Македонија,Раноантичка нумизматика во Македонија, Античка керамика во Македонија, Античка нумизматика во Македонија.

Доцноантичка керамика во Македонија,Доцноантичка нумизматика во Македонија, Архитектонска камена пластика во Македонија во доцната антика

За наставата од втор циклус студии на насоката историја на уметност, доц. Антонио Јакимовски ја подготвил предметната програма на насоката античка уметност, а е и носител на предметот: Античко керамика.

За предмети од трет циклус студии, кандидатот д-р Антонио Јакимовски ја изработил програмата за предметите: Античка материјална култура и Палеобалкански племиња и народи, Културата на пајонските и македонски заедници и Цивилизациски дострели на македонскиот културен круг.

Од изборот во звањето доцент до денот на пријавувањето на конкурсот, кандидатот е ментор на 60 дипломски работи, ментор е на 5 магистерски трудови, ментор на два докторски труда, а има учествувано и во голем број комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации.

Тој, исто така, одржува редовно консултации со студентите.

За педагошките аспекти на наставната дејност на д-р Јакимовски, приложени се резултатите од спроведената евалуација на Филозофскиот факултет. Во анкетата на студентите спроведена за предметите Класична археологија, Раноантичка археологија и Античка уметност, ја има добиено просечната оценка 9, 7.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски има остварено вкупно 123,07 поени од наставно-образовната дејност, што значи дека го надминува потребниот минимум од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

Научноистражувачка дејност

Во текот на изборниот период како доцент, д-р Антонио Јакимовски ги има објавено следниве трудови:

1. Антички светилки од Република Македонија, Скопје 2012.

Д-р Јакимовски во овој труд се занимава со обработка на античките светилки пронајдени на територијата на Р Македонија. При тоа изнесува нови научни докази базирани на теренска и кабинетска истражувачка активност, и ја изработува првата темелна типографија на сите досега пронајдени антички светилки во Р Македонија, компарирани со референтна научна литература.

2. Visoka and Staro Bonce, Skopje 2015,

Претставени се резултатите од десеттодишните истражувања на овој регион претпоставениот град Пелагонија, центар/главен град на четвртата македонска мерида.

3. Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015, Prilep 2015.

Претставени се резултатите од истражувањата од 2013 до 2015 година, на најголемиот антички објект во Република Македонија.

4. Glagolitic inscriptions on ceramic dishes discovered during the archeological excavations in Skupi (Skopje), Moskow 2016.

Обработени се наодите од средновековната населба која се простира над римскиот театар од 10 век. Посебен акцент е даден на два керамички сада, на кои имаме натпис со глаголични букви.

5. The Golden Hoard from Tremnik – Ormankov Grob, Prilep 2016.

Публикуван е еден од најбогатите и највредни наоди досега пронајдени во Р. Македонија. Станува збор за депо/колективен наод со околу 1.

200 грама злато, составен од повеќе парчиња златен накит, изработен во повеќе различни техники.

6. Висока и Старо Бонче, Скопје 2016.

7. Археолошки истражувања на Римскиот театар во Скупи 2013-2016 година, Скопје 2017

Објавени се комплетните резултати од четиригодишните истражувања на проектот римски театар Скупи.

8. Римски театар Скупи, Римски театар Скупи, Скопје 2017 (прв автор со група автори)

Објавени се комплетните резултати од археолошките истражувања во рамките на проектот Римски театар Скупи, со целосна анализа на архитектурата и наодите пронајдени при овие истражувања.

Доц. д-р Антонио Јакимовски во периодот од 2012 до 2017 год, учествувал на следниве научни и стручни собири со реферати:

- XXI симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Дојран, 2012;
- XXII симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Виница, 2014;
- меѓународниот симпозиум "XIIth International Colloquium on Roman Provincial Art, Corpus Signorum Imperii Romani" Pula 2012 god
- меѓународниот симпозиум "*Clash of Cultures , Going south...*", одржан во Пиран od 4 do 8.12.2013 година,

- меѓународниот симпозиум "*Clash of Cultures — Going North...*" одржан во Манхинг од 285 до 01.06.2014 година;
- меѓународниот симпозиум по повод 35 години Институт за старословенска култура, одржана во Кратово од 9.9 до 11.9.2015 година;
- меѓународниот симпозиум "*Zajedničko nasleđe za zajedničku budućnost*" одржано во Сараево од 19.11 до 21.11.2015 година;
- студиски престој и предавање на Универзитетот Оксфорд, во рамки на римската сесија **Roman Discussion Forum - Trinity 2016**, со предавањето: *The Roman theatre in Scupi : recent finds from excavations*, University of Oxford 2016.
- меѓународниот научен собир: Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје, 2016;
- меѓународниот симпозиум со наслов: Vita est vita, 4th International Symposium of Archaeology, Strumica 2016.

Во периодот 2012-2017 год., доц. д-р Јакимовски бил раководител и учесник во повеќе научноистражувачки проекти:

- Римски театар Скупи

- Старо Бронче

- Кралство Македонија

- Прилепец – Прилеп

- Археолошки катастар

- Кале Локвени

- Јака Чешма и др.

Од анализата на активностите и трудовите на д-р Антонио Јакимовски може да се заклучи дека кандидатот има истражувачки предизвик и резултати од истражувањата во областите со кои научно се занимава и за кои конкурира: класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика.

Согласно со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски остварил вкупно 178,8 **поени од научноистражувачката дејност**, со што го надминал минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

### Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот во звањето доцент, д-р Јакимовски се занимавал и со следниве активности во рамките на стручно-апликативната дејност:

Учествувал во голем број комисии при Министерството за култура на Р. Македонија, за избор, оцена и рецензија на научноистражувачки проекти, рецензии на книги од стручната и пошироката област, бил раководител на студии од втор степен на Институтот за историја на уметноста и археологија, како и држел предавања на институции од јавен интерес.

Како експерт, д-р Јакимовски изработил:

- рецензија на петнаесетина монографии издадени во периодот од 2015 и 2016 година;
- член е на претседателството на Македонското научно археолошко друштво;
- член е на претседателството на Организациониот одбор на годишниот симпозиум на Македонското археолошко научно друштво;
- уредник на монографијата Римски Театар Скупи;
- член на уреднички одбор на научно стручното списание „Macedonia Acta Archaeologica";
- раководител е на втор циклус студии на Институтот за историја на уметноста и археологија,

Како заклучок од прегледот и увидот во стручно-апликативната дејност на д-р Антонио Јакимовски, членовите на Комисијата со задоволство констатираат дека кандидатот имал голем број активности и дека сите многубројни активности со кои бил ангажиран ги исполнувал совесно, навремено и успешно.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски има освоено вкупно 50,4 поени од **стручно-апликативната дејност**, со што го надминува потребниот минимум (5) поени, неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Заклучок и предлог

Од наведените активности во извештајот, констатиравме дека станува збор за кандидат кој покажува потврдени професионални квалитети и компентенции од наведените научноистражувачки области.

Според тоа, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека доц. д-р Антонио Јакимовски во целост ги исполнува условите на конкурсот и ги задоволува сите предуслови предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје („Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година).

Имајќи ги предвид сите наведени податоци и истакнати квалитети на кандидатот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го избере доц. д-р Антонио Јакимовски во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.

Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

Проф. д-р Ратко Дуев, с.р.

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

(име, татково име и презиме) **Антонио (Никола) Јакимовски**

Институција:

(назив на факултетот/институтот) **Филозофски факултет - Скопје/ Институт за историја на уметност и археологија**

Научна област:

археологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на предавања (час x 15 x 0.04)** | **61.2** |
| | Учебна 2012/2013 летен семестар (10 x 15 x 0.04) | 6.0 |
| | Учебна 2013/2014 зимски семестар (10 x 15 x 0.04) | 6.0 |
| | Учебна 2013/2014 летен семестар (12 x 15 x 0.04) | 7.2 |
| | Учебна 2014/2015 зимски семестар (8 x 15 x 0.04) | 4.8 |
| | Учебна 2014/2015 летен семестар (14 x 15 x 0.04) | 8.4 |
| | Учебна 2015/2016 зимски семестар (12 x 15 x 0.04) | 7.2 |
| | Учебна 2015/2016 летен семестар (12 x 15 x 0.04) | 7.2 |
| | Учебна 2016/2017 зимски семестар (14 x 15 x 0.04) | 8.4 |
| | Учебна 2016/2017 летен семестар (10 x 15 x 0.04) | 6.0 |
| 2 | **Одржување на вежби (час x 15 x 0.03)** | **27.9** |
| | Учебна 2012/2013 летен семестар (6 x 15 x 0.03) | 2.7 |
| | Учебна 2013/2014 зимски семестар (6 x 15 x 0.03) | 2.7 |
| | Учебна 2013/2014 летен семестар (8 x 15 x 0.03) | 3.6 |
| | Учебна 2014/2015 зимски семестар (4 x 15 x 0.03) | 1.8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Учебна 2014/2015 летен семестар (8 x 15 x 0.03) | 3.6 |
| | Учебна 2015/2016 зимски семестар (8 x 15 x 0.03) | 3.6 |
| | Учебна 2015/2016 летен семестар (8 x 15 x 0.03) | 3.6 |
| | Учебна 2016/2017 зимски семестар (8 x 15 x 0.03) | 3.6 |
| | Учебна 2016/2017 летен семестар (6 x 15 x 0.03) | 2.7 |
| 3 | **Подготовка на нов предмет (предавања+вежби)** | **13.5** |
| | Архитектонска камена пластика во Македонија во раната антика (втор циклус) | 1.5 |
| | Раноантичка керамика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| | Раноантичка нумизматика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| | Архитектонска камена пластика во Македонија во антиката (втор циклус) | 1.5 |
| | Античка керамика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| | Античка нумизматика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| | Архитектонска камена пластика во Македонија во доцната антика (втор циклус) | 1.5 |
| | Доцноантичка керамика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| | Доцноантичка нумизматика во Македонија (втор циклус) | 1.5 |
| 4 | **Консултации со студенти (135 x 0.002 студенти)** | 0.270 |
| 5 | **Ментор на дипломска работа (60 x 0.2)** | 12.0 |
| 6 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2 x 0.5)** | 1.0 |
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (5 x 0.3)** | 1.5 |
| 8 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (57 x 0.1)** | 5.7 |
| | Вкупно | 123.07 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научно-истражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на докторска дисертација (2 x 3.0)** | 6.0 |
| 2 | **Ментор на магистерска работа (5 x 1.0)** | 5.0 |
| 3 | **Раководител на национален научен проект (15 x 6)** | 90.0 |
| 4 | **Монографија** | 15.2 |
| | Антонио Јакимовски, Антички светилки во Република Македонија, Министерство за култура, Скопје 2012 | 8.0 |
| | Viktor Lilcikj Adams-Antonio Jakimovski, Visoka and Staro Bonce, Center of the Kingdom of Pelagonia and the royal tomb of Pavla Cuka, Skopje 2015 | 7.2 |
| 5 | **Дел од монографија** | 4.8 |
| | Римски театар Скупи, Скопје 2017 (11 автори) | 4.8 |
| 6 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен научен одбор** | 28.8 |
| | Antonio Jakimovski, **Das königliche makedonische Grab in der Nähe von Bonče**, Folia archaeologica Balcanica, Skopje 2012. | 6.0 |
| | Antonio Jakimovski, **Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015**, Balcanoslavica Vol. 40-44, Prilep 2015,177-182. | 6.0 |
| | Antonio Jakimovski, Igor Tolevski, **Glagolitic inscriptions on ceramic dishes discovered during the archeological excavations in Skupi (Skopje)**, Slověne = Словѣне, International Journal of Slavic Studies, Vol.5 No 2, Moskow 2016, 1-19. | 5.4 +и.ф |
| | Marjan Jovanov, Antonio Jakimovski, **The Golden Hoard from Tremnik – Ormankov Grob**, Balcanoslavica Vol. 45, Prilep 2016, 125 - 133 | 5.4 |
| | Antonio Jakimovski, **Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015**, Balcanoslavica Vol. 40-44, Prilep 2015,177-182. | 6.0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научно-истражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| 7 | **Секциски предавања на научен/стручен собир** | **5.0** |
| | XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Антички театар Скупи 2013-2014 | 1.0 |
| | XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Прилог кон датирањето на виничките икони | 1.0 |
| | XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Дрма-Бадер, истражувања 2014 година | 1.0 |
| | XXI симпозиум на МАНД, Дојран, 17-19 октомври 2012, реферат: Статуите од градбата со арки – римски форум | 1.0 |
| | XXI симпозиум на МАНД, Дојран, 17-19 октомври 2012, реферат: Раноантичка некропола Грамаѓе-Старо Бонче | 1.0 |
| 8 | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **21.0** |
| | XIIth International Colloquium on Roman Provincial Art, Corpus Signorum Imperii Romani" реферат: **Statues from the Roman Forum – Stobi.** Одржан во Пула 2012. | 3.0 |
| | *Clash of Cultures , Going south, одржан во Пиран* 4 до 8.12.2013 година, реферат: **"Macedonian tomb from Staro Bonče."** | 3.0 |
| | *"Clash of Cultures – Going North..."* одржан во Манхинг од 28.05 до 01.06.2014 година, реферат: **"Antigonea on Axios: A New Theory on its Ubikation."** | 3.0 |
| | Симпозиум по повод 35 години од Институтот за старословенска култура, одржан во Кратово од 09.09 до 11. 9.2015 година, реферат: „Антички театар Скупи – истражувања 2013-2015 година | 3.0 |
| | *"Zajedničko nasleđe za zajedničku budućnost"* одржан во Сараево од 19.11 до 21.11.2015 година, реферат: **"Rimski teatar Skupi."** | 3.0 |
| | Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ) Скопје 2016, реферат: Глаголички букви врежани на средновековни грнчиња од Скупи | 3.0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научно-истражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Vita est vita, 4th International Symposium of Archaeology, реферат: Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2016, Strumica 2016 | 3.0 |
| 9 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет | 3.0 |
| | Roman Discussion Forum - Trinity 2016, реферат: *The Roman theatre in Scupi : recent finds from excavations*, University of Oxford 2016 | 3.0 |
| | Вкупно | 178.8 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности | 13.00 |
| | Рецензент на 13 книги | 13.0 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | Уредник на зборник на трудови | 1.0 |
| | Римски театар Скупи, Скопје 2017 | 1.00 |
| 2 | Член на организационен одбор на научен/стручен собир | 0.5 |
| | XXII Симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014 | 0.5 |
| 3 | Член на комисија за избор во звање (2 x 0.2) | 0.4 |
| 4 | Учество во комисии и тела на државни и други органи (4 x 1) | 4.0 |
| 5 | Студиски престој во странство | 1.5 |
| | University of Oxford (2016) | 0.5 |
| | Univerza na Primorskem (2013) | 0.5 |
| | Kelten römer museum manching | 0.5 |
| | | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 6 | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект | 30.0 |
| | Носител на 15 проекти | 30 |
| | Вкупно | 50.4 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 123,07 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 178,8 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 50,4 |
| Вкупно | 352,27 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.

Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

Проф. д-р Ратко Дуев, с.р.

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-856/11
30.8 2017 год.
Скопје

Врз основа на член 63 и 134 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009; бр.83/2009, бр.99/2009; бр.115/2010, бр.17/2011, бр.51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016/, 120/2016 и 127/2016) и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 1150/343 од 14.07.2017 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата **XXXVIII** редовна седница, одржана на 30.08. 2017 година, донесе

# О Д Л У К А

за избор на наставник

**Член 1**

**Д-р Антонио Јакимовски**, доцент за научните области (дисцилнини): класична археологија: грчка и римска култура на Институтот за Историја на уметност и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, ***се избира*** во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од 31.08.2017 година.

**Член 2**

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

**Член 3**

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Одделението за општи и правни работи, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Горан Ајдински

Изготвил:м-р Весна Карапеева
Одобрил:проф. д-р Лена Дамовска